**Д О: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА – ИМАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИЈА**
бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3 – 1000 Скопје
тел. 02/3248 930| contact@dksk.org.mk|www.dksk.mk

**Б А Р А Т Е** [redacted]


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: / Pranuar: 08-08-2025

| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 03 | 2107 | 1 | |


**ПРЕДМЕТ:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

## Б А Р А Њ Е
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од *Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер* („Службен весник на Република Македонија“ број 101/2019), и член 3 и 4 од *Законот за постапување по претставки и предлози* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008, 56/2009, 13/2013, 156/2015, 193/2015 и 208/2024) согласно член 16 од *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија“ број 52/1991), од имателот на информација ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Персонален состав на Прекршочна комисија при ДКСК**, т.е. листа на сите членови поменично (со име и презиме и својство / звање во кое се избрани, т.е. именувани).

БАРАМ наведените информации во законски предвидениот рок да ми ги доставите **електронски на следниов мејл**: apasiev@gmail.com, како и **писмено на домашна адреса**.

С к о п ј е
8.VIII.2025

[redacted]

Бр./Nr. 03-2107/ 2
12-08-2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2107/1 од 08.08.2025 година, доставено од п[redacted]е, го донесе, следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-2107/1 од 08.08.2025 година, доставено од п[redacted] до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Бараната информација да се достави до барателот на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата, во писмена форма до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-2107/1 од 08.08.2025 година со кое побара:

***„1. Персонален состав на Прекршочна комисија при ДКСК, т.е. листа на сите членови поменично (со име и презиме и својство / звање во кое се избрани, т.е. именувани)".***

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараната информација и истата претставува информација од јавен карактер согласно со член 2 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со Одлука за формирање на Прекршочна комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата заведена под бр. 02-1047/1 од 12.03.2024 година и Одлука за измена на Одлуката за формирање на Прекршочна комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 02-1047/1 од 12.03.2024 година заведен под бр. 02-1047/2 од 29.11.2024 година овластени се следните лица вработени во Секретаријатот на ДКСК за членови на Прекршочната комисија во ДКСК и тоа:

| Ред.бр. | Име и Презиме | Својство / звање |
|---|---|---|
| 1 | Весна Донева | Член / Раководител на одделение |
| 2 | Славко Ѓорѓески | Член / Советник |
| 3 | Сашко Колев | Член / Советник |
| 4 | Севим Мустафа | Член / Советник |
| 5 | Бурим Абази | Член / Виш соработник |

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Согласен: Адем Чучуљ – Генерален секретар,